# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ  за 2023

ИНСТИТУТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС„ СКОПЈЕ

# СОДРЖИНА

1. ЗА НАС ..... 3
2. ВИЗИЈА И МИСИЈА ..... 4
3. ПРОГРАМСКИ ЦЕНТРИ НА ИДСЦС ..... 5
Центарот за добро управување ..... 5
Центарот за европски интеграции (ЦЕИ) ..... 6
Центар за парламентарна подршка и демократизација ..... 7
4. ПРОЕКТИ И ДОГОВОРИ ЗА УСЛУГА ..... 7
СЕЛЕКЦИЈА НА ТЕКОВНИ/ЗАВРШЕНИ ПРОЕКТИ ..... 7
5. Достигнувања на ИДСЦС во 2023 ..... 9
6. ПУБЛИКАЦИИ ..... 13
7. Јавни реакции ..... 14
8. ЧЛЕНСТВА ..... 15
9. ОСТВАРЕНИ ОБУКИ и НАСТАНИ 2023 ..... 17
10. Медиумско известување и видливост ..... 26
Број на објави на социјални мрежи ..... 26
Број на следбеници на социјални мрежи ..... 27
11. Спроведени истражувања на јавно мислење 2023 ..... 27
12. Финансиски извештај 2023 ..... 28

# 1. ЗА НАС

Институтот за Демократија "Социетас Цивилис" Скопје (ИДСЦС) е македонска тинк-тенк организација. Тоа е невладина, непартиска, непрофитна и секуларна институција. Институтот е **основан во 1999** година од страна на група интелектуалци собрани околу идејата за демократија, солидарност и цивилно општество и со текот на времето оваа организација прерасна во значаен фактор во македонскиот цивилен и јавен сектор, врз основа на својата експертиза, перформанс и влијание.

За време на транзициониот период, Институтот играше значајна улога во јавната дебата, градење и зајакнување на капацитетите на државниот политички систем, како и на цивилното општество.

Институтот за демократија е една од првите организации кои започнаа со спроведување истражувања на јавното мислење во општествените науки и им понуди на политичкиот сектор, академската заедница и медиумите програми со есенци-јални емпириски и кванитативни материјали. Имајќи го ова наследство и притоа постојано работејќи на ова поле, **ИДСЦС ја поседува една од најголемите истражувачки дата бази** во државава, и воедно е референтен извор за креатори на политика, академиции политичари.

Во период кога дефицитот на знаење, вештини и комптенции на политичките актери имаше влијание врз ефикасноста и ефективноста на институциите, Институтот овозможи **повеќе од 100 тренинзи** на членови на различни политички партии, со што им беа пренесени знаења и вештини кои потоа ги подобрија демократските процеси во Македонија.

ИДСЦС поседува високо ниво на професионализам, трудољубивост и иновативност. Овој пристап придонесува за стекнување на потребните

**НИЕ СМЕ ГОРДИ НА:**

Институтот беше прва организација во Македонија која иницира кампања за подигнување на свеста и застапувачка платформа под слоганот "Сакам да патувам без виза – Македонија без Шенген " што имаше силно влијание врз политичката агенда во однос на процесот на визна либерализација. Оваа кампања се смета за камен темелник во земјите кои се залагаат за слободно движење на луѓе и добра, и значајно го прошири социјалниот капитал во македонското општество. Институтот зазема активна улога во процесот на **одговарање на прашалникот на Европска Комисија во однос на пристапот на Македонија во ЕУ.**

Освен за прашања поврзани со евро-атлантската област, ИДСЦС активно учествуваше во пружање консултантски услуги за Секретаријатот за Европски Прашања на македонската влада, ицицирајќи ја кампањата **"И сонцето е ѕвезда""**

квалитети, поради кои сме почитуван партнер на релевантни засегнати страни од политичката сцена и цивилниот сектор.

Нашите главни активности се **истражување, застапување и развој на капацитетите**. Употребуваме различни истражувачки методи (истражување во деск политички анализи, теренски и телефонски истражувања, фокус групи, статистички анализи, мониторинг итн), статегии за кампањи, обуки и конференции. Овој пристап ни овозможува да стекнеме целосен увид и да влијаеме врз комплексните социјално-политички димензии. ИДСЦС управува со тим на консултанти и истражувачи со цел да олеснува, координира, имплементира и понуди оптимални решенија за различни социјални и политички проблеми. Досега сме соработувале со значаен број истакнати меѓународни и локални експерти со различна експертиза во Република Македонија и во регионот. Ние инсистираме на валидност и сигурност во методите и инструментите кои ги користиме со цел да ги дефинираме сегашните околности.

ИДСЦС тргнува од едноставен факт дека еден од основните услови за успешна консолидација на демократијата во Македонија, како и за спречување антидемократски политички превирања – е креација на политичка клима и услови за демократска комуникација меѓу политичките актери во Македонија; креирање свест за толеранција и разбирање; еманципација на пасивните граѓани и либерализација на авторитарните умови кои продуцираат обострана омраза и анксиозност меѓу членовите на етничките заедници; континуиран развој на демократските капацитети на членовите на политичките партии.

## 2. ВИЗИЈА И МИСИЈА

На својот пат, ИДСЦС има визија за Македонија како високо развиена демократија на слободни и активни граѓани.

Мисијата на ИДСЦС е поддршка на развојот на демократските процеси преку промоција на креирање на политики базирани на истражување, анализи и консултација со засегнатите страни.

Мотивацијата на Институтот за Демократија "Социетас Цивилис" е преку истражувачка работа и анализи во областите од интерес, ИДСЦС да стане високоразвиена „тинк тенк" организација и извор на знаење и советување на засегнатите страни во институциите и граѓанското општество".

Во потрага во оваа визија, се стремиме да ги постигнеме следните **ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ**:

Балансиран **социо-економски развој;**

**Активно граѓанство**;

Партиципативна **политичка култура;**

Вградување либерални вредности во општеството**;**

Почитување на **владеењето на правото и добро владеење**;

Промовирање **одржливо образование;**

Постигнување носење одлуки базирани на докази;

**Мултиетничка и мултикултурна** коегзистенција

# 3. ПРОГРАМСКИ ЦЕНТРИ НА ИДСЦС

## Центарот за добро управување

Центарот за добро управување има за цел да промовира и работи на иницијативи за поттикнување и етаблирање на принципипте на добро управување во функционирањето политичкиот систем и во општествениот живот.

Институтот за демократија ги следи принципите на добро управување поставени од Организацијата на Обединети Нации[1]:
- Партиципативност
- Владеење на право
- Транспарентност
- Респонзивност
- Ориентираност кон консензуалност
- Правичност и инклузивност
- Ефективност и ефективност

[1] Што е добро управување? http://www.unescap.org/sites/default/files/good-governance.pdf

- Отчетност

Центарот за добро управување своите цели ги остварува преку истражувачки дејности - собирање податоци, мониторирања, анализи – и застапувачки дејности – предлози за јавни политики, промотивни активности и делување кон политичките, државните, јавните институции и општата јавност. Центарот за добро управување исто така се осигурува дека ИДСЦС во своето ги применува овие принципи и делува во насока на “practice what you preach”.

### Главни области на работа и фокус

Главни тематските области на Центарот за добро управување вклучуваат: процесот на креирање на јавни политики, функционирањето на законодавната и извршната власат, антикорупциски политики, политики за транспарентност и за отворени податоци, неформални политички и општествени односи, избори и изборна политика, мултикултурни политики, децентрализација и политичка култура.

## Центарот за европски интеграции (ЦЕИ)

Опсегот на работа на ИДСЦС Центарот за европски интеграции е стеснет поради застојот на целокупниот европски интеграциски процес на Македонија. Оттука, капацитети кои се вложени во овој центар засега се доволни и постоечкиот кадар може да ги задоволи потребите.

Мисија на ИДСЦС Центарот за европски интеграции е да го анализира и промовира процесот на европска интеграција во Македонија како и во регионот. Во наредниот период, потребно е зајакнување на регионалната компонентна на процесот и насочување на ресурсите на Центарот кон зајакнување на оваа регионална компонента.

Предвидени насоки во кои треба да се движи и надградува работата на Центарот за европски интеграции:

1. Регионално поврзување и вмрежување во реномирани европски и регионални мрежи кои се бават со прашања од процесот на европска интеграција. Поврзување со сродни организации во западен Балкан.
2. Осмислување и имплементирање на постојани (интервални) мониторинг алатки
3. Зголемување на видливоста на Центарот преку аналитички продукти
4. Развивање на капацитетите за foresight analysis поврзани со процесот на европски интеграции (концепција која е применлива и за другите истражувачки центри).

### Центар за парламентарна подршка и демократизација

10 годишната Програма за поддршка на Собранието (ППС)  подржана од Швајцарската програма за соработка и развој, а која им беше доделена на конзорциумот НДИ (Национален Демократски Институт, ИДСЦС и ЦУП) овозможува долгорочно планирање и одржливост на функцинирањето на овој центар, кој дополнително може проектно и констултантски да ги сервисира потребните на Парламентот од аспект на реформските процеси. Ценатрот спроведува месечни истражувања на квалитетот на парламентарната дебата, следење на заложбите од процесот на Отворено владино партнерство во Парламентот, годишни истражувања на јавното мислење за работата на Парламентот и актуелни политички прашања. Центарот исто така е вклучлен и во администрирање на финансиската подршката за академско наобразба на членови на Собраниската служба и Парламентарниот инстиут.

## 4. ПРОЕКТИ И ДОГОВОРИ ЗА УСЛУГА

За 2023 Инситутот за демократија во своето портфолио опфати вкупно 11 проекти, во споредба со минатата 2022 година кога во тек на имплемнтација беа 10 проект.

### СЕЛЕКЦИЈА НА ТЕКОВНИ/ЗАВРШЕНИ ПРОЕКТИ

| Бр. | Проект | Донатор | Период на имплементација | Износ на грант | Центар |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Parliament support programme (partner with NDI) | Swiss Agency for Development and Cooperation | Јуни 2019 - Декември 2023 | 7,425,676.00 МКД | ЦППИ |
| 2. | Механизам за скрининг на инвестиции – зачувување на безбедноста и јавниот ред во Западен Балкан | CIPE | Февруари 2023 – Март 2024 | $93.174 | ЦЕИ |
| 3. | Перцепија на јавноста за ЕУ интеграција | Конрад Аденауер | Октомври декември 2023 | 419,457.00 МКД | ЦЕИ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Берлински процес по Тирана 2023? Редефинирање на улогата на граѓанското општество | Фондација Отворено општество – Западен Балкан | ноември 2023 – март 2024 година | $44.000 | ЦЕИ |
| 5. | „Спроведување на заеднички решенија за борба против корупција и добро управување во Југоисточна Европа: Иновативни практики и јавно-приватни партнерства", | Норвешка грант фонд за регионална соработка | Јануари, 2021 – Декември 2023. | 4,163,713.00 МКД | ЦДУ |
| 6. | Парламентарна дипломатија: Регионална соработка преку зајакнат парламентарен дијалог | Германското сојузно министерство за надворешни работи. | Април 2023-Април 2025 | 21,418,960.00 MKD | ЦЕИ |
| 7. | Партнерство против корупција | УСАИД | Септември 2023-Август 2024 | 122,619.00$ | ЦДУ |
| 8. | Зацврснување на дебата за отчетност и анти корупција | НЕД | Октомври 2023-Септември 2025 | 100,500.00$ | ЦДУ |
| 9. | Граѓаните против корупцијата | УСАИД | Април 2023-Април 2028 | 5,998,487.00 УСД. (вкупен проектен буџет) | ЦДУ |
| 10 | Учество на жените од заедниците во јавниот и политичкиот живот | ОБСЕ | Јуни-Декември 2023 | 922,500.00 МКД | ЦППИ |
| 11 | Антикорупциски мерки во развој на инфраструктурни проекти | УНДП | Јули 2023-јули 2024 | 2,304,830.00 МКД | ЦДУ |

# 5. Достигнувања на ИДСЦС во 2023

**1. Придонес кон подобрување на капацитетите на човечки ресурси во Собранието ИДСЦС продолжи со имплементација на Швајцарската стипендиска програма, обезбедувајќи можности на парламентарниот персонал да го продолжи своето образование и да ги подобри вештините што ги користат на работните места.**

За време на 2023 година, се објавија вкупно 4 повици за Швајцарската стипендиска програма и се обезбедија вкупно 19 стипендии и тоа 4 во јануари, 3 во јуни, 8 во септември и 4 во декември. Програмата финансиски поддржа службеници од Собранието кои аплицираа за магистерски и докторски студии на УКИМ и Универзитет на Југоисточна Европа, курсеви по англиски, француски и албански јазик и информатички курсеви. Со последниот повик во последниот месец од годината, стипендиската програма ги вклучи и вработените од Државниот завод за ревизија. Првите корисннички на стипендиската програма кои се вработени во ДЗР се стекнаа со стипендии за изучување на англискиот јазик. ИДСЦС ја финализираше анализата во август на целата швајцарска програма за стипендирање за време на првата фаза на ПСП, која го опишува напредокот на студентите, постигнатите резултати, добрите практики и препораките за идните повторувања на стипендиската програма. (ПСП)

**2. Придонес кон подобрување на регулаторната рамка и практика на Собранието за вклучување на граѓаните и подобрување на транспарентноста во својата работа.**

ИДСЦС преку ПСП го поддржува процесот на усвојување, спроведување и мониторинг на Акцискиот план на Собранието кон заложбите кон Партнерството за отворена власт (ПОВ). Во 2023 ги публикуваше две мониторинг извештаи кои се однесуваат на напредокот на спроведувањето на Акцискиот план 2021 – 2023 и го покриваат периодот Јули – декември 2022 и јануари – јуни 2023. Во општите наоди за извештајот јануари – јуни 2023 извештајот се забележува дека сите три заложби се во напредна фаза на имплементација: 1) Собранието за граѓаните со отворен одговор и отворено закрепнување од пандемијата COVID-19; 2) Подобрена ИКТ инфраструктура; 3) Учество на граѓаните/отворен парламент. ИДСЦС е активно вклучено во процесот на заедничко креирање на новиот Парламентарен акционен план за ОВП (2024-2026) кој започна во првата половина на 2023 година. Консултациите вклучуваа пратениците, собранискиот персонал и граѓанските организации. (ПСП)

Во март 2023 година, PSP ја објави анализата „Отвореност на парламентот: трендови и најдобри практики на ОВП“ за да обезбеди информации за процесот на ко-креирање на нов Акционен план за ОВП. Документот дава краток преглед на формалните насоки за ангажман на парламентот во ОВП и дискутира за секоја од улогите што парламентот се охрабрува да ги преземе. (ПСП)

3. Придонес кон унапредување на квалитетот на дебатата во Собранието ИДСЦС редовно го следи квалитетот на дебатата во Собранието. Во 2023 финализираше две полугодишни анализи за квалитетот на дебатата, кои ги покриваат периодите јули-декември 2022 година и јануари-јуни 2023 година. И двата извештаи укажуваат на ниско ниво на квалитет на дебатата во Собранието во овој мандат и ја потврдува констатацијата дека има простор за значително подобрување. Извештаите се презентирани пред пратениците и собраниската служба. Во насока на подобрување на квалитетот на дебатата, во март 2023 се реализираше обука за дебата за пратеници „Парламентарната дебата и нејзината важност за квалитетното законодавство, граѓанското претставување и парламентарниот надзор“ на која присуствуваа дел од пратениците. (ПСП)

**3. Придонес кон унапредување на комуникацијата на Собранието со јавноста за работата на Собранието како и правата и одговорностите на граѓаните**

ИДСЦС редовно спроведува годишна теренска анкета за перцепцијата на граѓаните за работата на Собранието. Анализата за 2023 беше финализирана во мај. Како дополнување на теренската анкета, беа спроведени и девет фокус групи, детално објаснувајќи некои од трендовите што се манифестираат во истражувањето, перцепцијата на јавноста за Собранието и работата на политичките партии, квалитетот на животот, политичките прашања и довербата во Северна Македонија. ПСП ги презентираше резултатите пред пратениците, политичките партии, меѓународната заедница и претседателот на Северна Македонија. Генерално, анализата покажува дека перцепцијата на граѓаните за работата во Собранието е во согласност со јавното мислење споделено во последните четири години. На скалата од 1 – најлошо до 5 – најдобро, за 2023 година граѓаните на работата на Собранието ја дадоа просечна оценка 2,2. (ПСП)

Во декември 2023 беше објавена кратка анализа „Хармонизација на националното законодавство со правото на ЕУ: Компаративен преглед на Северна Македонија со Албанија и Србија“. Целта на оваа анализа е да даде компаративен преглед на Северна Македонија со соседните земји кандидати – Албанија и Србија – и нивните практики во донесувањето закони со брза постапка, со посебен осврт на законите донесени со европско знаме. Од анализата се заклучува дека утврдувањето на стапката на успешност за усогласување на законодавството на една земја со законодавството на ЕУ е сложен процес, па оттука брзината и бројот на усогласени закони не можат да бидат примарен и единствен показател за успех. (ПСП)

**4. Придонес кон утврдувањето на нивото на политичка и социјална вклученост на жените во политиката**

Во јули 2023 година, беше креирана кратка анализа со наслов Родово чувствително собрание и родова еднаквост на политичката сцена: Преглед на актуелната ситуација во Северна Македонија. Анализата заклучува дека постои напредок во учеството на жените во македонската политика, но дека постои и огромен простор за унапредување на родовата еднаквост. Дополнително зголемениот број на пратенички во Собранието овозможува родовите прашања да почесто да бидат дел од политичката агенда на Собранието. (ПСП)

Во ноември 2023, ИДСЦС ја финализираше студијата „Учество на жените од заедницата во политичкиот и јавниот живот во Северна Македонија“. Студијата е изработена врз база на теренско истражување, спроведени интервјуа и секундарно истражување. Генерално анализата ја потврдува слабата вклученост на жените во политичкиот и специјалниот живот на државата, дискриминаторскиот однос со кој се соочуваат ените на својот кариерен политички пат како и двојната дискриминација со која се соочуваат жените од помалобројните заедници, особено ромската заедница. (ОБСЕ)

## 5. Придонес во креирање на политики на национално ниво

Експертизата на тимот во доменот на антикорупција и добро управување беше уважена од институциите, што се согледува во учеството на тимот на ЦДУ во релевантни процеси на национално ниво. Па така, изминатата година ЦДУ придонесе во креирањето политики и документи за унапредување на борбата против корупцијата и доброто управување, преку учество во:

1. Работна група за креирање на Предлог-закон за критична инфраструктура, Министерство за одбрана.

2. Поткомитет за кризен менаџмент - концепт на заеднички национален интегриран систем за заштита и спасување и кризен менаџмент, Министерство за одбрана.

3. Партнерство за отворена власт - дијалог за Националниот акциски план 2024-2026 и учество во работна група за креирање заложба за дигитализација на финансиското известување на политичките партии

4. Работна група на СДММ за креирање на заложби за борба против корупцијата во изборната програма за парламентарни избори во 2024 година

5. Закон за висока раководна служба - учество на јавна расправа , состанок со Министерот за информатичко општество и администрација за предлог-законот и испраќање на тест за дополнување на законот

6. Јавна расправа за Нацрт-Стратегија за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија

7. Работна група за ревидирање на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, Државна комисија за спречување на корупцијата

## 6. Зајакнување на капацитетите на засегнатите страни

Тимот на ЦДУ спроведе неколку обуки за зајакнување на капацитетите на собраниските служби, партиските подмладоци и ДКСК за борба против корупцијата.

Обуките за партиските подмладоци се фокусираа на надградување на вештините и знаењата на подмладоците за борба против корупцијата, со посебен осврт на антикорупциските политики во изборните програми за претстојните парламентарни избори во 2024 година. Обуките за собраниските служби ги опфатија темите: нивоа на анализа на корупцијата, информирање на пратениците, алатки за сумирање извештаи од институциите и пишување и застапување кај носители на одлуки. Исто така, на барање на ДКСК, ИДСЦС ги обучи службите на институцијата за методологии за примена на ризици од корупција и идентификување на потенцијални случаи на политички изложени компании во големи бази на податоци.

## 7. Влијание врз јавниот дискурс, застапување, и актуелизирање на корупциски теми/проблеми

Преку низа на јавни дискусии, медиумски гостувања, реакции и полиси документи, тимот успеа да влијае врз оформувањето и насочувањето на јавниот дискурс за актуелните теми поврзани со корупциски скандали или тековни процеси значајни за доброто управување и борбата против корупцијата. Дел од темите кои беа опфатени низ овие активности се изградбата на автопатиштата од коридорите 8 и 10 д (Бехтел и Енка), корупцијата во високото образование, назначувања во високата раководна служба, стратешки форсајт во антикорупциските институции, работењето на Судскиот совет, изборот на новиот состав на ДКСК, последните законски измени поврзани со државното рекламирање во медиумите. На јавните дискусии учествуваа главните антикорупциски институции, Претседателот на РСМ, претставници на Собранието, Владата, меѓународните организации и амбасади.

## 6. ПУБЛИКАЦИИ

Во 2023 година ИДСЦС подготви 60 публикации. Вкупно Од 2003 до 2023, ИДСЦС има продуцирано 726 публикации.

| Публикации по година | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 32 | 67 | 122 | 121 | 91 | 60 |

Тип на публикација

| | ЦДУ | ЦППД | ЦЕИ |
|---|---|---|---|
| Анализа на јавно мислење | | 2 | 4 |
| Краток документ за јавни политики | 6 | 2 | 3 |
| Инфографик | | 14 | |
| Анимирано видео | 3 | | 1 |
| Извештај од набљудување | 5 | 4 | 1 |
| Застапувачки документ (полиси мемо/ колумна/ПР текст) | 6 | | 6 |
| Студија/Анализа на јавни политики | 1 | 1 | 1 |
| Прирачник | | | |
| Вкупно | 21 | 23 | 16 |
| | | | 60 |

Листата на публикации кои ИДСЦС ги продуцираше е дел од АНЕКС 1 на овој извештај.

## 7. Јавни реакции

Во 2023 ИДСЦС имаше 11 објавени ѕреакција за теми од општествено политички интерес.

1. Законот за висока раководна служба да се донесе пред парламентарните избори
2. Мора да се забрза ратификацијата на договорите од Берлински процес кои граѓаните ги оценуваат како многу корисни
3. Платформата на граѓански организации за борба против корупција остро ја осудува партизацијата при изборот на нови членови на Државната комисија за спречување на корупцијата
4. Граѓанските организации остро ја осудуваат пресудата против ИРЛ за клевета и бараат да се утврди одговорност за донесувањето на истата
5. Повлекување од работна група за креирање на Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка
6. Пендаровски да го искористи правото на вето, побара Платформата на граѓански организации за борба против корупција
7. Јовески да поднесе оставка, побара Платформата на граѓански организации за борба против корупција
8. Барање за стопирање на притисокот кон независните институции во борбата против корупцијата
9. Барање за поднесување на оставка на членовите на Судски Совет
10. Барање за повлекување на дневниот ред на Седница 112 на Собранието на Република Северна Македонија, закажано на 10 април 2023 година во 11 часот
11. Отворено писмо до Владата на Република Северна Македонија

# 8. ЧЛЕНСТВА

## Платформата на граѓански организации за борба против корупција

Платформата е неформална мрежа на 15 граѓански организации кои работат во областа на анти-корупцијата. Општите цели се организира околу индивидуални и колективни препораки за креаторите на политиката; вклучување во нив; и колективно зајакнување на капацитетите на организациите во оваа област. претставник ИДСЦС во Платформата е член на Одборот и иницираше неколку од активностите на мрежата.

## SELDI.net

Југоисточнто Европско лидерство за развој и интегритет е коалиција на тинк-тенкови што работат во областа на анти-корупција и доброто владеење создадена во 2012 година Нејзините цели се да се изгради коалиција за развој на регионална стратегија и агенда на делување; спроведување на мониторинг на добар управување; и да подигање на јавната свеста. ИДСЦС е партнер во мрежата.

## SEE Think NET

Формирана е првата мрежа на граѓански организации од Југоисточна Европа со задача да ги набљудува темите кои се дел од Берлинскиот процес – SEE Think Net Network.

Мрежата е формирана во март од организации од шесте земји од Западен Балкан дополнети со Словенија и Хрватска со поддршка од Европскиот фонд за Балканот. Координатор на Мрежата ќе биде Институтот за демократија од Македонија, а нејзини членки се и Мрежата за европско движење од Србија, Фондацијата отворено општетство од Албанија, EU Policy Hub, Мрежата Политикон од Црна Гора, Центарот за безбедносни студии од Косово, Институтот за развој и меѓународни односи од Хрватска, Центарот за европска перспектива од Словенија и Аднан Ќеримагиќ од Босна и Херцеговина.

Целта на Мрежата е да придонесува со анализи и предлози за политики кон темите кои произлегуваат од Берлинскиот процес со што ќе придонесе кон информираната јавна дебата и носење на одлуки засновани на истражувања. Тоа ќе вклучува и следење на целиот процес одблизу и политиките на државите кои ги допираат темите од Берлинскиот процес. Мрежата до самитот на земјите од Берлинскиот процес кој ќе се одржи во Лондон планира да објави една анализа на јавни политики за Берлинскиот процес и европската перспектива на регионот која ќе биде промовирана на самитот во Кралскиот институт за меѓународни односни на 9 и 10 јули. Дополнително, Мрежата ќе изработи

уште 5 други анализи кои ќе се однесуваат на миграцијата, безбедноста и владеењето на правото кои ќе се промовираат во Скопје, Белград и Тирана неделата пред почетокот на самитот во Лондон

### Think Balkans

Проектот ‘Инструмент за соработка на аналитичките центри од Западен Балкан – ТИНК БАЛКАНС’ е финансиски поддржан од Меѓународниот Фонд на Вишеград и се надоврзува на претходно воспоставената соработка помеѓу членките на Мрежата на аналитички центри на Југоисточна Европа – Southeast European Think Net Network (SEE Think Net) и Тинк Вишеград (Think Visegrad) во рамки на проектот ‘Регионална соработка на Западен Балкан: Споредба на Берлинскиот Процес и Вишеградската Група‘.

Врз основа на претходната успешна соработка, Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје ќе продолжи со проектното координирање, кое, во соработка со Европското движење во Србија (EMinS), Платформата ЦивиКос (CiviKos) од Косово, Мрежата Политикон од Црна Гора, Албанскиот институт за меѓународни студии (AIIS) од Албанија, Аднан Ќеримагиќ од Босна и Херцеговина, Центарот за европска перспектива (CEP) од Словенија, Центарот за источни студии (OSW) од Полска, Институтот за меѓународни работи и трговија (IFAT) од Унгарија, Истражувачкиот центар на словачкото здружение за меѓународна политика (RC SFPA) од Словачка и Институтот за европска политика ЕУРОПЕУМ (EUROPEUM) од Чешка,

### ЦИВИТАКС

ИДСЦС е основач и член на ЦИВИТАКС група за фискални прашања во граѓанскиот и академскиот сектор и кај физичките лица. Визијата на Групата ЦИВИТАКС е фискалниот систем во Република Македонија да биде праведен, јасен и разбирлив, ефективен и ефикасен, предвидлив и транспарентен и во целост да почива врз принципите на владеењето на правото. Даночниот систем во Република Македонија мора да почива врз емпириски анализи, врз стратешко планирање и врз принципот на опортунитетен трошок т.е. мора да ги земе предвид и административните капацитети на Управата за јавни приходи.

Целта на Групата ЦИВИТАКС е да подига иницијативи, анализира и истражува и да ги застапува фискалните прашања, во најширока смисла на зборот, што ги засегаат граѓанските организации, академските институции и физичките лица, како и да го застапува правото на правна извесност во оваа област како човеково право.

## 9. ОСТВАРЕНИ ОБУКИ и НАСТАНИ 2023

Во 2023 се одржаа вкупно 28 настани (конференции, работилници, презентации, студиски посети) и 3 Обуки

**Список на настани на Центарот за добро управување при Институт за демократија „Социетас цивилис" - Скопје за 2023 година**

| Број | Месец | Настани | Датум | Организатори | Проект | Донатор(и) | Партнер(и) | Линк |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Февруари | "Антикорупција 2030: Сегашни и идни антикорупциски предизвици" | 23.2.2023 | Институт за демократија „Социетас Цивилис" - Скопје | Поттикнување дебата за отчетност и антикорупција | National Endowment for Democracy – NED | / | https://rb.gy/ugo8iw |
| 2 | Април | Зголемени ризици од брзи измени на закони за изградба на коридорите 8 и 10д" | 18.04.2023 | Институт за демократија „Социетас Цивилис" - Скопје | Поттикнување дебата за отчетност и антикорупција | National Endowment for Democracy – NED | / | https://rb.gy/y40ncm |
| 3 | Мај | „Форми на корупција во високото образование" | 23.05.2023 | Институт за демократија „Социетас Цивилис" - Скопје | Поттикнување дебата за отчетност и антикорупција | National Endowment for Democracy – NED | / | https://rb.gy/xart9f |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | | ОБУКИ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА НА СОБРАНИЕТО И НА ПАРТИСКИТЕ ПОДМЛАДОЦИ | 25-26.05.2023 | Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје | Поттикнување дебата за отчетност и антикорупција | National Endowment for Democracy – NED | / | https://rb.gy/fy3189 |
| 5 | Јули | „Како до независно судство?“ | 04.9.2023 | Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје | Поттикнување дебата за отчетност и антикорупција | National Endowment for Democracy – NED | / | https://shorturl.at/MFXYn |
| 6 | Септември | СИСТЕМСКИТЕ ПРОПУСТИ ВО СЛУЧАЈОТ „БЕХТЕЛ ЕНКА“ | 05.09.2023 | Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје | Поттикнување дебата за отчетност и антикорупција | National Endowment for Democracy – NED | / | https://shorturl.at/3qBKV |
| 7 | | „ОТВОРЕНИ ПРАШАЊА ЗА ИЗБОРНОТО РЕКЛАМИРАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА“ | 26.09.2023 | Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје | Поттикнување дебата за отчетност и антикорупција | National Endowment for Democracy – NED | / | https://shorturl.at/t3OBg |
| 8 | Декември | ОБУКА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ПАРТИСКИТЕ ПОДМЛАДОЦИ ЗА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ И АНТИКОРУПЦИЈА | 16-17.12.2023 | Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје | Поттикнување дебата за отчетност и антикорупција | National Endowment for Democracy – NED | / | https://shorturl.at/WWsGp |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | | „Отворен форум за антикорупција“ | 06-07.12.2023 | Програма: Граѓаните против корупцијата (ИДСЦС, МЦМС, ИРЛ, ЦГК, БИРН, Стопанска комора на Северна Македонија, 360 Степени) и Регионална мрежа за антикорупција СЕЛДИ | Граѓаните против корупцијата | USAID | МЦМС, ИРЛ, ЦГК, БИРН, Стопанска комора на Севрна Македонија, 360 Степени, Регионална мрежа за антикорупција СЕЛДИ | https://tinyurl.com/mry5rpcy |

| Список на настани на Центарот за европски интеграции при Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје за 2023 година | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Месец | Број | Настани | Датум | Организатори | Проект | Донатор(и) | Партнер(и) | Линк |
| / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Март | 1 | Промоција на КАС публикации - Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2022)<br><br>Европа во криза. Последиците врз јавното мислење во Северна Македонија | 02.03.2023 | ИДСЦС и КАС | / | КАС | / | https://tinyurl.com/3aykyw9p |
| Април | 2 | Студиска посета во Тирана | 3 - 5 април 2023 | ИДСЦС и Албанскиот Институт за Меѓународни Студии (AIIS) | Advancing regional cooperation and EU integration through the Tink Balkan's initiative | Western Balkans Fund | / | https://tinyurl.com/mr95ts7y |
| Мај | 3 | Панел дискусија „Превенција на кризи и управување со критична инфраструктура во Западен Балкан“ во Скопје | 04.05.2023 | ИДСЦС | Тинк Балканс | Меѓународен Вишеградски Фонд | / | https://tinyurl.com/ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | mrysdwjw |
| | 4 | Студиска посета во Белград | 17 - 19 мај 2023 | ИДСЦС и Европско Движење во Србија (EMinS) | Advancing regional cooperation and EU integration through the Tink Balkan's initiative | Western Balkans Fund | / | https://tinyurl.com/2sxma2x8 |
| Септември | 5 | Панел дискусија „Новата реалност. Руската војна над Украина и Западен Балкан“ во Подгорица | 06.09.2023 | ИДСЦС и Politikon Network | Тинк Балканс | Меѓународен Вишеградски Фонд | / | https://tinyurl.com/yavs2bhn |
| | 6 | Презентација на публикација - „A Blueprint for Accelerated Integration and Phasing-In“ во Брисел | 21.09.2023 | ИДСЦС, КАС и Wilfried Martens Centre for European Studies | / | КАС | / | https://tinyurl.com/yurszzue |
| | 7 | „Унапредување на Берлинскиот процес преку парламентарна дипломатија“ во Скопје | 12 - 13 септември 2023 | ИДСЦС | Парламентарна дипломатија: регионална соработка преку зајакнат парламентарен дијалог | Германското министерство за надворешни работи | / | https://tinyurl.com/mxr836am |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Октомври | 8 | „Регионална работилница за развој на ефективни механизми за проверка на инвестициите во Западен Балкан“ во Прага | 10 - 13 октомври 2023 | CLDP и ЦИПЕ | Адресирање на тековите на корозивниот капитал | Центар за меѓународно приватно претпријатие (CIPE) | / | https://tinyurl.com/3vcnttba |
| | 9 | Парламентарна конференција „Улогата на парламентите во Берлински Процес“ во Тирана | 13.10.2023 | ИДСЦС и Институтот за Политички Студии од Албанија (ISP) | Парламентарна дипломатија: регионална соработка преку зајакнат парламентарен дијалог | Германското министерство за надворешни работи | / | https://tinyurl.com/2rjb2nwx |
| Декември | 10 | „Придобивките од Берлинскиот процес за Северна Македонија: Осврт на сработеното во делот на заедничкиот регионален пазар со фокус на роамингот“ во Скопје | 11.12.2023 | ИДСЦС | Парламентарна дипломатија: регионална соработка преку зајакнат парламентарен дијалог | Германското министерство за надворешни работи | / | https://tinyurl.com/yfu54mfv |
| | 11 | Closed workshop "Berlin Process after Tirana 2023? Redefining the Role of Civil Society" во Скопје | 11.12.2023 | ИДСЦС | OSF Berlin Process | Open Society Foundation Western Balkans | / | |
| | 12 | Промоција на КАС публикации - Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2023)<br><br>ЕУ интеграциите во сенка на внатрешните процеси - Анализа на јавното мислење за 2023 година | 18.12.2023 | ИДСЦС и КАС | / | КАС | / | https://tinyurl.com/55n4zfyf |
| **Вкупно** | 12 | | | | | | 0 | 0 |

| Список на настани на Центарот за парламентарна поддршка во рамки на Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје за 2023 година | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | Месец | Настани | Датум | Организатори | Проект | Донатор(и) | Партнер(и) | Линк |
| 1 | Февруари, 2023 | Презентација на извештајот „Поглед на Собрание: Извештај од набљудувањето на квалитетот на дебатата во Собранието (јули - декември 2022)“за пратеници и собраниска служба | 71.2.2023 | NDI/IDSCS | Програма за парламентарна поддршка (ПСП) | Швајцарска агенција за развој (СДЦ) | | https://www.facebook.com/photo/?fbid=2348018156973611&set=pcb.2348036323638846 |
| 2 | Март, 2023 | Обука за дебата за пратеници „Парламентарната дебата и нејзината важност за квалитетното законодавство, граѓанското претставување и парламентарниот надзор“ | 24.3.2023 | NDI/IDSCS | Програма за парламентарна поддршка (ПСП) | Швајцарска агенција за развој (СДЦ) | | https://www.facebook.com/photo/?fbid=2525452339230109&set=pcb.2525471672561590 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Јуни, 2023 | Презентација на извештај:Поглед на Собрание: Перцепциите на граѓаните за работата на Собранието на Република Северна Македонија (2023 година), за пратеници | 5.6.2023 | NDI/IDSCS | Програма за парламентарна поддршка (ПСП) | Швајцарска агенција за развој (СДЦ) | | |
| 4 | Јуни, 2023 | Прием на корисниците на Швајцарската стипендиска програма во резиденцијата на Амбасадорката на Швајцарија Вероник Улман Марти | 23.6.2022 | NDI/IDSCS | Програма за парламентарна поддршка (ПСП) | Швајцарска агенција за развој (СДЦ) | | https://www.facebook.com/photo/?fbid=571416128498852&set=pcb.571417668498698 |
| 5 | Октомври, 2023 | Презентација на извештајот „Поглед на Собрание: Извештај од набљудувањето на квалитетот на дебатата во Собранието (јануари - јуни 2023)"за пратеници и собраниска служба | 6.10.2023 | NDI/IDSCS | Програма за парламентарна поддршка (ПСП) | Швајцарска агенција за развој (СДЦ) | | https://www.facebook.com/photo/?fbid=317002170928599&set=a.273208251974658 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Октомври, 2023 | Презентација на наодите од студијата „Учеството на жените од заедниците во политичкиот и јавниот живот на Република Севрена Македонија“, за Партицпиативниот форум (Агенција за остварување на правата на заедниците) | 24.10.2023 | IDSCS/OSCE | OSCE истражување | OSCE | | - |
| 7 | Декември, 2023 | Настан за одбележување на почетокот на втората фаза од „Програмата за парламентарна поддршка“ | 13.12.2023 | NDI/IDSCS | Програма за парламентарна поддршка (ПСП) | Швајцарска агенција за развој (СДЦ) | | https://www.facebook.com/photo/?fbid=353898270572322&set=pcb.353896027239213 |

# 10. Медиумско известување и видливост

## Број на објави на социјални мрежи




| | Веб-страница на македонски | Веб-страница на англиски | Фејсбук | Твитер | Инстаграм | Јутјуб | Линкдин | Медиумски објави |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2024 (заклучно со јуни) | 27 | 18 | 71 | | 24 | 7 | 1 | 119 |
| 2023 | 86 | 62 | 195 | | 19 | 4 | 5 | 513 |
| 2022 | 111 | 55 | 249 | 210 | 32 | 11 | 19 | 464 |
| 2021 | 131 | 74 | 394 | 322 | 85 | 23 | 23 | 526 |
| 2020 | 123 | 52 | 478 | 437 | 193 | 48 | 68 | 374 |
| 2019 | 99 | 23 | 386 | 361 | 5 | 10 | 21 | 567 |
| 2018 | 71 | 24 | 290 | 245 | 58 | 1 | 0 | 224 |

2024 (заклучно со јуни) 2023 2022 2021 2020 2019 2018

## Број на следбеници на социјални мрежи




| | јануари 2020 | мај 2020 | јануари 2021 | мај 2021 | август 2022 | јануари 2023 | Јуни 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Facebook | 11.185 | 11.315 | 11.666 | 11.999 | 12.694 | 12.865 | 13.445 |
| Twitter | 1.458 | 1.554 | 1.659 | 1.705 | 1.834 | 1.924 | 200 |
| Linkedin | 13 | 31 | 75 | 98 | 256 | 295 | 497 |
| Instagram | 329 | 397 | 489 | 615 | 1400 | 1.510 | 2365 |
| YouTube | 67 | 68 | 81 | 88 | 106 | 107 | 118 |

# 11. Спроведени истражувања на јавно мислење 2023

| Спроведени истражувања на јавно мислење (ИДСЦС) 2022 | Период на имплементација |
|---|---|
| Учество на жените од заедниците во јавниот и политичкиот живот на Севеерна Македонија (теренска анкета/ национален примерок ) | **Февруари –март 2023** |
| Перцепции на јавноста за работата на Собранието (Теренска анкета/ Национален примерок) | **Февруари –Април 2023** |
| Конрад Адеанауер – Годишно истражување за ЕУ перцепции (Телефонска анкета национален примерок) | **Октомври-Ноември 2023** |
| Перцепции на јавноста за политичките партии (Владеење со интегритет) (Теренска анкета национален примерок) | **Ноември-Декември 2023** |
| Телефонска бизнис-анкета со компании кои работат во дејноста на малопродажба на прехранбени производи | **Октомври-Декември 2023** |
| Истражување за перцепции на граѓаните за корупција- фокусни групи | **Јули 2023** |

## 12. Финансиски извештај 2023




| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Приходи | 37.881.509 | 35.303.798 | 41.442.041 | 47.819.187 | 52.340.181 | 56.051.547 | 59.299.943 |
| Расходи | 22.242.815 | 19.556.497 | 28.094.324 | 23.722.596 | 33.712.518 | 32.642.814 | 35.468.292 |

Вишок на приходите над трошоците од претходната година кој е пренесен во 2023 е вклучен во вкупниот приход и изнесува 23,253,195 мкд. Следствено нето приходот за 2023 без оваа ставка изнесува 36.046.748 МКД.



| Донатор/Клиент | Илјади денари | % |
|---|---|---|
| Embassy od the Federal Republic of Germany | 8.987 | 24,9 |
| National Democracy Institute | 6.796 | 18,9 |
| National Endowment for Democracy | 3.375 | 9,4 |
| Macedonian Centre for International Cooperation | 3.352 | 9,3 |
| Centre for international private enterprise CIPE | 3.337 | 9,3 |
| Center for the study of democracy | 1.826 | 5,1 |
| Fondacioni Shoqëria e Hapur për Shqipërinë | 1.616 | 4,5 |
| OCSE | 736 | 2,0 |
| TETRA TECH – Management Systems International | 227 | 0,6 |
| Ministerie van buitenlandse (Ministry of foreign affairs of Netherlands) | 165 | 0,5 |
| Djure Jaksica Beograd | 129 | 0,4 |
| Fondi I Ballkanit Perendimorr | 71 | 0,2 |
| Останати | 5.429 | 15,1 |
| Вкупно | 36.046 | 100% |

| **Финансиски извештај за периодот 01.01.2023 - 31.12.2023** | | |
|---|---|---|
| **Опис на трошоци** | **Просечен износ по месец во МКД** | **Вкупен износ во МКД** |
| **1. Човечки ресурси** | | |
| 1.1. Плати и надоместоци за вработените | 1.043.984 ден | 12.527.809 ден |
| 1.2. Трошоци за професионална надоградба | 0 ден | 0 ден |
| 1.3. Хонорари на вработените за дополнителен ангажман и прекувремена работа | 0 ден | 0 ден |
| 1.4. Други трошоци за вработените | 48.978 ден | 587.740 ден |
| **Човечки ресурси ВКУПНО:** | **1.092.962 ден** | **13.115.549 ден** |
| **2. Надворешни соработници** | | |
| 2.1. Хонорари за авторство на публикации | 63.111 ден | 757.328 ден |
| 2.2. Хонорари за експертски/консултантски дневници | 94.030 ден | 1.128.359 ден |
| 2.3. Договори на дело | 224.656 ден | 2.695.869 ден |
| **Надворешни соработници ВКУПНО:** | **381.796 ден** | **4.581.556 ден** |

| | | |
|---|---|---|
| **3. Професионални услуги** | | |
| 3.1. Преведувачки услуги | 78.974 ден | 947.691 ден |
| 3.2. Лектура | 9.894 ден | 118.729 ден |
| 3.3. Дизајн | 88.214 ден | 1.058.570 ден |
| 3.4. Графички и печатарски услуги | 15.224 ден | 182.690 ден |
| 3.5. Истражување на јавно мислење | 106.065 ден | 1.272.776 ден |
| 3.6. Правни работи и консалтинг | 38 ден | 450 ден |
| 3.7. Ревизија | 10.739 ден | 128.871 ден |
| 3.8. Сметководствени услуги | 8.125 ден | 97.500 ден |
| **Професионални услуги ВКУПНО:** | **317.273 ден** | **3.807.277 ден** |
| **4. Локален транспорт** | | |
| 4.1. Транспорт со сопствено возило | 6.017 ден | 72.198 ден |
| 4.2. Транспортни услуги од надворешни добавувачи (автобус, минибус, воз) | 48.299 ден | 579.591 ден |
| 4.3. Изнајмување на транспортно средство | - ден | - ден |
| 4.4. Такси услуги | 8.843 ден | 106.111 ден |
| 4.5. Друг транспорт | - ден | - ден |
| 4.6. Патни трошоци/патарини/паркинг | 21.096 ден | 253.154 ден |
| **Локален транспорт ВКУПНО:** | **84.255 ден** | **1.011.054 ден** |
| **5. Меѓународни патувања** | | |
| 5.1. Транспорт со сопствено возило во странство | - ден | - ден |
| 5.2. Авио превоз | 55.856 ден | 670.270 ден |
| 5.3. Друг меѓународен транспорт | 7.532 ден | 90.378 ден |
| 5.4. Хотелско сместување | 102.798 ден | 1.233.576 ден |
| 5.5. Престој во странство (дневници, визи) | 27.822 ден | 333.868 ден |
| **Меѓународни патувања ВКУПНО:** | **194.008 ден** | **2.328.092 ден** |
| **6. Настани (конференции, обуки, организациски ритрит)** | | |
| 6.1. Хотелски услуги | - ден | - ден |
| 6.2. Угостителски и кетеринг услуги | 95.896 ден | 1.150.753 ден |
| 6.3. Наем на конференциски сали и техничка опрема | 52.104 ден | 625.246 ден |
| **Настани ВКУПНО:** | **148.000 ден** | **1.775.999 ден** |
| **7. Комуникации и односи со јавност** | | |
| 7.1. Поштенски услуги | - ден | - ден |

| | | |
|---|---|---|
| 7.2. Телефон/телефакс и интернет | 2.377 ден | 28.527 ден |
| 7.3. Мобилна телефонија | 3.361 ден | 40.334 ден |
| 7.4. ТВ | 349 ден | 4.188 ден |
| 7.5. Курирски услуги (DHL, City Bike) | 163 ден | 1.960 ден |
| 7.6. Маркетинг услуги | - ден | - ден |
| 7.7. Спонзорирање објави на социјални мрежи | 16.558 ден | 198.699 ден |
| 7.8. Претплата на весници, списанија и е-пристап | 950 ден | 11.400 ден |
| 7.9. Претплата на комуникациски алатки (Infogram, Zoom, LimeSurvey, Turner) | 4.622 ден | 55.468 ден |
| 7.10. Одржување на веб-страница | 7.099 ден | 85.190 ден |
| 7.11. Одржување на информациско-комуникациска инфраструктура | - ден | - ден |
| 7.12. Рекламен/промотивен материјал | 37.690 ден | 452.279 ден |
| **Комуникации и односи со јавност ВКУПНО:** | **73.170 ден** | **878.045 ден** |
| **8. Имот - режиски трошоци** | | |
| 8.1. Енергија | 3.285 ден | 39.422 ден |
| 8.2. Вода | 933 ден | 11.192 ден |
| 8.3. Затоплување (парно греење) | 4.148 ден | 49.780 ден |
| 8.4. Одржување хигиена | - ден | - ден |
| 8.5. Наемнина за закуп на деловен простор | 56.636 ден | 679.634 ден |
| 8.6. Тековно одржување, сервис и поправки | 2.192 ден | 26.305 ден |
| 8.7. Осигурување | 4.411 ден | 52.930 ден |
| **Имот - режиски трошоци ВКУПНО:** | **71.605 ден** | **859.263 ден** |
| **9. Канцелариски набавки** | | |
| 9.1. Канцелариски материјали | 9.525 ден | 114.295 ден |
| 9.2. Хартија | 1.042 ден | 12.500 ден |
| 9.3. Тонери | 708 ден | 8.496 ден |
| 9.4. Средства за хигиена | 2.529 ден | 30.344 ден |
| 9.5. Ситен инвентар | 1.520 ден | 18.242 ден |
| 9.6. Опрема | 13.542 ден | 162.504 ден |
| 9.7. Софтвер | - ден | - ден |
| 9.8. Репрезентација | 9.339 ден | 112.071 ден |
| **Канцелариски набавки ВКУПНО:** | **38.204 ден** | **458.452 ден** |
| **10. Соработка** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 10.1. Пренесени средства на други субјекти (партнерски организации, реграντисти, стипендирање) | 400.547 ден | 4.806.569 ден |
| 10.2. Членарини / Донации | - ден | - ден |
| **Соработка ВКУПНО:** | **400.547 ден** | **4.806.569 ден** |
| **11. Финансиски услуги и останати трошоци** | | |
| 11.1. Банкарски провизии | 28.004 ден | 336.042 ден |
| 11.2. Камати | 3 ден | 30 ден |
| 11.3. Курсни разлики | 10.820 ден | 129.839 ден |
| 11.4. Претплата за MasterCard и Visa Business картици | 83 ден | 1.000 ден |
| 11.5. Судски такси | - ден | - ден |
| 11.6. Централен регистар | 170 ден | 2.036 ден |
| 11.7. Расходи од минати години | 46 ден | 556 ден |
| 11.8. Друго | 11.285 ден | 135.422 ден |
| 11.9.Трошоци за стипендии | 56.315 ден | 675.781 ден |
| 11.10.Трошоци за образовни услуги | 25.348 ден | 304.174 ден |
| 11.11.Надворешни услуги од други | 21.796 ден | 261.556 ден |
| **Финансиски услуги и останати трошоци ВКУПНО:** | **153.870 ден** | **1.846.436 ден** |
| **ВКУПНО:** | **2.955.691 ден** | **35.468.292 ден** |